До: Министерство за животна средина и просторно планирање

Од: Македонско здружение на млади правници со седиште на ул. „Донбас“ бр. 14-1/6, 1000 Скопје, ЕМБС 5944201, е-пошта contact@myla.org.mk, телефон 072 223 963, претставувано од претседателка Бојана Божиновска Силјановска

Предмет: Доставување коментари на Нацрт Законот за измена и дополнување на Законот за животната средина

Почитувани,

Министерството за животна средина и просторно планирање на 10.3.2025 година на ЕНЕР објави Нацрт Закон за измена и дополнување на Законот за животната средина.

Со членот 8 од Нацрт законот, Министерството за животна средина и просторно планирање предлага да се избришат členовите 28-а, 28-б, 28-в и 28-г од Законот за животната средина. Овие одредби го регулираат утврдувањето и постапувањето со контаминираните подрачја на територија на државата.

Бараме и му предлагаме на Министерството овој член 8 од Нацр законот да се избрише, односно членовите 28-а, 28-б, 28-в и 28-г да останат како дел од важечкиот Закон за животната средина.

Воведувањето на членовите 28-а, 28-б, 28-в и 28-г со Законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина (Службен весник на РСМ бр. 89/2022) во 2022 година, значеше воспоставување на законска основа и системски начин за постапување со контаминирани подрачја, односно формално идентификување, следење и планирање и преземање мерки за расчистување на подрачјата на кои се наоѓаат историските индустриски депонии идентификувани како „жешки точки“ во Планот за управување со отпад на Република Северна Македонија за 2021-2031 година, вклучително и ремедијација на земјиштето кое е загадено. Овие законски одредби претставуваа системска основа за идентификување и на други контаминирани подрачја, кои не се идентификувани како „жешки точки“ во Планот за управување со отпад, но за кои Министерството за животна средина и просторно планирање преку странски донатори веќе изготвил физибилити студии пред околу 20 години, и истите ги објавил на својата интернт страна.[1]

Дополнително, воведувањето на ваквото законско решение овозможување законска основа за справување со идни контаминирани подрачја, но и самиот процес на контаминирани подрачја да биде заснован на точни и прецизни законски одредби каде се утврдуваат обврските на државните органи и концесионерите и притоа да се превенира ситуација како постапувањето со отпадот во поранешната фабрика „ОХИС“, каде започна да се постапува *ad hoc*, односно без претходно да има македонски законски одредби кои детално го регулираат ова прашање.

Министерството за животна средина и просторно планирање во согласност со Министерството за здравство и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, врз основа токму на овие одредби од Законот за животната средина, веќе донеле Методологија за идентификација

[1] Дел за физибилити студии од интернет страната на Министерството за животна средина и просторно планирање, достапно на: https://www.moepp.gov.mk/dokumenti/fisibiliti-studii

на контаминираните подрачја во Република Северна Македонија,[2] од што може да се заклучи дека веќе се започнало со спроведувањето на овие одредби.

Со Нацрт законот, на кој го предлагаме овој коментар, не се предвидува бришење на точката 61 од ставот1 на членот 5 од Законот за животната средина, кој инаку го дефинира терминот „контаминирано подрачје".

Силно веруваме дека во ситуација кога не се предлага воведување на нови законски одредби за ова прашање, бришењето на овие членови од Законот за животната средина оди на штета на животната средина, на здравјето на луѓето и човековите права заштитени со меѓународните договори. Бришењето на овие законски одредби повторно ќе не врати во состојбата како пред 2022 година кога постоеше правна празнина за справување со овие контаминирани подрачја, односно не беше јасно и прецизно утврдено кој ја има надлежноста за идентификување, следење и справување со овие подрачја. Повторното создавање правна празнина за ова прашање, директно влијае на повреда на владеењето на правото и правната сигурност, но истовремено предизвикува силно негативно влијание врз остварувањето на темелните вредности, правото на здравје и правото на здрава животна средина, утврдени и заштитени во Уставот на Република Северна Македонија.

Поради ова, **бараме од Министерството за животна средина и просторно планирање да го избрише членот 8 од Нацрт Законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина**, односно членовите 28-а, 28-б, 28-в и 28-г од Законот за животната средина да останат во правен промет.

Подносител
Македонско здружение на млади правници
Претседателка Бојана Божиновска Силјановска

[2] Достапна на: https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/11/metodologija02062023.pdf